Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 48 и 49 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2005 година донесе:

# Д Е Л О В Н И К
# НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредува организацијата и работата на Советот на општина Пробиштип и на Комисиите при Советот.

Член 2

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Седниците на Советот се јавни.

Член 3

Во работата на Советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

На седниците на Советот можат да одржат говори странски државници и граѓани на странски држави како гости.

Член 4

Претседателот на Советот го претставува Советот на Општината.

Член 5

За сите акти донесени од Советот на општина Пробиштип ќе се користи печатот на општина Пробиштип со тркалезна форма во чија средина е грбот на општина Пробиштип а на неговите рабови е испишано „Република Македонија - Општина Пробиштип„.

Член 6

Одредбите од овој Деловник соодветно се применуваат и во работата на Советот во случај на воена или вонредна состојба ако со Деловникот или со друг општ акт не е поинаку уредено.

## 2. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ

1. ***Конституирање на Советот и верификација на мандатите на членовите на Советот.***

Член 7

Мандатите на членовите на Советот ги верифицира Советот на Првата седница.

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува Претседателот на Советот од претходниот состав, најдоцна во рок од 20 дена од денот на конечното завршување на изборите за членови на Совет.

До изборот на претседател на Советот претседава најстариот по години присутен член на Советот.

Член 8

Ако Советот не се свика во предвидениот рок, членовите на Советот сами се состануват под претседавање на најстариот член на Советот, го конституираат Советот во рок од 10 дена од истекот на рокот предвиден во членот 7 од Деловникот.

Ако седницата не се одржи во рок од став 1 од овој член ќе се распишат нови избори за членови на Совет, на начин утврден со Закон.

Член 9

Мандатите на членовите на Советот се верифицираат по предлог на Верификациона комисија.

Верификационата комисија ја избира Советот по предлог на најстариот член на Советот кој претседава со Првата седница.

Верификационата комисија се состои од претседател и 2 члена.

Член 10

Верификационата комисија врз основа на известување на општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на Советот за нивниот избор и утврдувањето на нивниот идентитет,поднесува извештај со предлог за верификација.

Член 11

Советот, Извештајот и предлогот на Верификационата комисија го разгледува во целина.

Ако Верификационата комисија, по утврдувањето на идентитетот на членовите на Советот утврди одредени несогласувања на доставените уверенија, од страна на членовите на Советот со известување до општинската изборна комисија, на Советот му предлага да ја одложи верификацијата на спорниот мандат.

За секој таков предлог се гласа поединечно.

Член 12

Членот на Советот чија верификација на мандатот е одложена има право да присуствува на седницата на Советот и да учествува во работата но без право на одлучување.

Член 13

Верификацијата на мандатот на членови на Советот избрани на поторни избори, на избори за замена или дојдени како наредни кандидати од листата на местото на избраниот кандидат кој се откажал, Советот ја врши на првата наредна седница на предлог на Верификационата комисија, а по претходна констатирање за престанок на мандатот.

Член 14

Советот е конституиран ако се верифицираат мандатите на повеќе од половината од вкупниот број членови на Советот.

Член 15

Со верификација на мандатот, членот на Советот се стекнува со права и должности утврдени со Закон, со Статутот и со овој Деловник.

Член 16

Новоизбраните членови на конститутивната седница на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:

„Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија„.

Членот на Советот на кого му е потврден (верифициран) мандатот, ако не бил присутен на Првата седница, свечената изјава ќе ја потпише пред претседателот на Советот кој за тоа ќе го извести Советот на првата наредна седница.

Свечените изјави се предават на претседателот на Советот кој што ги предава на општинската администрација.

***2. Избор на претседател на Советот***

Член 17

Претседател на Советот се избира од редот на членовите на Советот со мандат од 4 години.

Кандидат за претседател на Советот предлага Кандидациона комисија.

Член 18

Кандидационата комисија ја избира Советот веднаш по верификацијата на мандатите на членовите на Советот, со мнозинство гласови од присутните членови.

Кандидационата комисија е составена од претседател и 4 членови кои се избират по предлог на членовите на Советот.

Кандидационата комисија со мнозинство гласови од својот состав предлага еден или повеќе кандидати за претседател на Советот.

Со изборот на претседател на Советот кандидационата комисија престанува со работа.

Член 19

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Ако има повеќе предлози, за секој предлог се гласа поединечно по редослед утврден по азбучниот ред на презимињата на кандидатите.

Член 20

Со гласањето за избор на претседател на Советот раководи најстариот член на Советот кој претседава со седницата.

Ако гласањето е тајно му помагаат двајца членови што ги определува Советот.

За претседател на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 21

Членот на Советот има право да гласа само за еден од предложените кандидати за претседател на Советот. Доколку член на Советот гласа за повеќе кандидати за претседател на Советот, гласањето се повторува.

Член 22

Ако за претседател на Советот е предложен еден кандидат, кандидатот се смета за избран ако добие мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако кандидатот не го добил потребното мнозинство гласови постапката за избор на претседател на Советот се повторува со нов предлог.

Член 23

Ако за претседател на Советот се предложени двајца кандидати за избран се смета оној кандидат кој добил мнозинсто гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако во првиот круг никој од кандидатите за претседател на Советот не добил потребен број гласови, се пристапува кон втор круг гласање за кандидатот кој во првиот круг добил повеќе гласови и истиот ќе биде избран доколку добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако во првиот круг и двајцата кандидати добиле ист број гласови, се пристапува кон втор круг гласање за двајцата кандидати.

За претседател е избран членот на Советот кој што во вториот круг гласање добил повеќе гласови.

Член 24

Ако за претседател на Советот се предложени повеќе кандидати, за избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако во првиот круг никој од кандидатите за претседател не добил потребен број гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број гласови.

За претседател на Советот е избран оној кандидта којшто во вториот круг на гласање добил повеќе гласови.

2. ***Избор на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања***

Член 25

На Првата седница на Советот се избира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања составена од претседател и 4 члена.

Комисијата се избира од редот на членовите на Советот со мнозинство гласови од присутните членови на Советот по предлог на претседателот на Советот или најмалку 5 членови на Советот.

Предлогот на кандидати за членови на Комисијата содржи онолку кандидати колку се избираат членови на Комисијата.

## 3. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

***1. Присуство на седница на Совет***

Член 26

Членот на Советот има право и должност да присуствува и да учествува во работата на Советот и неговите постојани и повремени комисии.

Член 27

Членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или гласање во Советот.

Член 28

Работодавецот е должен да го ослободи од професионалната работа членот на Советот заради присуство на седниците на Советот или на Комисиите во кои е член.

Член 29

Членот на Советот кој е спречен да присуствува на седниците на Советот должен е за тоа навреме да го извести претседателот на Советот.

Член 30

За присуството на членовите на Советот на седниците се води евиденционен лист.

Евиденциониот лист за присуството на членовите на Советот се предава на претседателот на Советот.

Право на надоместок имаат само членовите на Советот кои се запишале во евиденциониот лист на почетокот и на крајот на седницата.

***2. Право на обезбедување услови за вршење на функцијата член на Совет***

Член 31

На членовите на Совет им се доставуваат сите службени публикации што ги издава Советот и информативни и документациони материјали што се доставуват до Советот, заради нивно целосно информирање.

Членот на Советот има право да биде информиран за прашања што се однесуваат на работата на Советот и за работата на постојаните и повремени Комисии.

Членот на Советот има право во врска со извршувањето на својата функција да бара стручна помош од општинската администрација по прашањата од надлежност на Советот.

Членот на Советот има право да ги користи просториите во седиштето на општината за работа и состаноци во врска со извршувањето на својата функција.

Членот на Советот има право преку Советот да бара податоци од јавните служби, установи и претпријатија кои ги основа Советот, кои му се потребни за извршување на својата функција.

***3.. Право на надоместоци***

Член 32

Членовите на Советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок за патните и дневните трошоци, во рамките утврдени со закон.

Член 33

До донесување на законот од член 32 од овој Деловникот, членовите на Советот ќе примаат надоместок за присуство на седница на Совет без оглед на нејзиното времетраење, најмногу до 30% од просечната нето плата во РМ исплатена во последните три месеци, а надоместоците за патните и дневните трошоци ќе се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

### *4. Давање иницијативи, предлози и поставување прашања до градоначалникот на општината*

Член 34

Членот на Советот има право да дава иницијативи и предлози до Градоначалникот за разрешување на актуелни состојби за кои е надлежна општината.

Член 35

Членот на Советот има право на седница на Совет да поставува прашања до Градоначалникот на општината од неговата надлежност.

Членот на Советот прашањето на седницата го поставува усно, доколку не е присутен Градоначалникот на општината истото писмено го доставува до претседателот на Советот.

Прашањето треба да биде кусо и прецизно и не смее да има белег на расправа за содржината на која се однесува.

Членот на Советот на истата седница може да постави најмногу две прашања.

За време меѓу две седници членот на Советот поставува прашања во писмена форма преку претседателот на Советот.

Член 36

На усно поставеното прашање одговор се дава на седницата на кое е поставено.

Ако Градоначалникот на општината изјави дека не е во можност да даде одговор на таа седница, должен е одговорот да го даде на наредната седница на Советот.

Членот на Советот може да побара на паршањето што го поставил да му се одговори писмено.

Писмениот одговор се дава во рок од 15 по приемот на истото и се доставува до претседателот на Советот со поканата за наредната седница.

На прашањето кое му е доставено на Градоначалникот на општината од страна на претседателот на Советот, одговор се дава во рок од 15 дена од приемот на истото.

Членот на Советот што го поставил прашањето, по добиениот одговор има право да постави дополнително прашање.

Член 37

Членовите  на Советот имаат и други права и должности утврдени со статутот и други прописи, во согласност со Законот.

### *5. Обврска за чување на тајна*

Член 38

Членот на Советот е должен да ја чува државната, службената и деловна тајна (тајна).

Како тајна се смета секој спис или податок што ќе биде означен со назнака „Доверливо„ од страна на подносителот .

Членот на Советот е одговорен за повреда на тајната, согласно Законот.

Начинот, ракувањето и чувањето на материјалите кои се сметаат за доверливи се утврдува со акт на Советот.

### *6. Конфликти на интерси на членовите на Советот*

Член 39

Членот на Советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

Членот на Советот е должен да го информира Советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерс.

Членот на Советот , не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран.

Со денот на вработувањето согласно став 3 од овој член ќе се смета дека членот на Советот поднел оставка.

Членот на Советот вработен во јавните служби кои ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

### *7.Престанок и одземање на мандатот*

Член 40

На членот на Советот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран :

- ако поднесе оставка;
- во случај на смрт;
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци;
- ако настапи случај на неспоивост на функцијата член на Советот согласно Законот за локалните избори;
- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност и
- ако престане да биде жител на општината.

Член 41

На членот на Советот може да му биде одземен мандатот ако неоправдано отсуствува од три седници на Советот по ред.

За оправданоста на отсуството од став 1 на овој член одлучува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 42

На член на Советот може да му биде одземан мандатот ако неоправдано отсуствувал од седниците на Совет повеќе од шест месеци , за што

претседателот на Советот врз основа на евиденцијата што се води за присуството на седниците на Советот, ја известува Комисијата за мандатни прашања , избори и именувања која дава предлог за одземање на мандатот.

По информацијата од став 1 од овој член и предлогот за одземање на мандатот, Советот води претрес.

Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови го утврдува одземањето на мандатот.

Член 43

Ако членот на Советот поднесе оставка, истата писмено ја доставува до претседателот на Советот, а може и да ја образложи на седница на Совет.

Советот без расправа го констатира престанокот на мандатот.

Оставката може да се повлече до почетокот на седницата на која ќе се констатира престанокот на мандатот.

Мандатот ќе се смета дека престанал со денот на одржувањето на Седницата.

Член 44

Ако член на Советот поради боледување подолго од една година не може да ја извршува функцијата, должен е за тоа да го извести претседателот на Советот.

Член 45

Ако членот на Советот е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор од над шест месеци, за тоа веднаш во писмена форма го известува претседателот на Советот.

Известувањето од став 1 од овој член може да го поднесе судот кој ја изрекол казната , политичка партија или секој граѓанин.

Претседателот на Советот известувањето од став 1 и 2 ги доставува до членовите на Советот и Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања која за тоа поднесува информација до Советот на првата наредна седница.

Советот без расправа го констатира престанокот на мандатот поради исполнување на еден од условите утврдени со закон.

Член 46

Престанок на мандатот ако настапи случај на неспоивост на функцијата член на Советот согласно Законто за локалните избори, ако со правосилно решение биде лишен од деловната способност и ако престане да биде жител на општината, Советот на првата наредна седница ќе ја констатира причината и денот на престанувањето на мандатот на членот на Советот и тоа од денот на исполнувањето на условот.

## 4. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ

### *1.Претседател на Советот*

Член 47

Претседателот на Советот ги свикува седниците на Советот и е должен:
- да ја отвори, раководи и заклучи седницата;
- да ги води и заклучува расправите на седницата на Советот;
- да одржува ред на седницата;
- да ги најавува дискутантите;
- да ги става прашањата и предлозите на гласање;
- да ги огласува резултатите од гласањето.

Член 48

Претседателот на Советот:
- се грижи за организацијата и работата на Советот;
- се грижи за примена на Деловникот на Советот и дава појаснување во врска со неговата примена;
- се грижи за оставување на правата на членовите на Советот и обезбедување услови за нивната работа и информирање;
- се грижи за спроведување на начелото на јавност во работата на Советот;
- ги потпишува одлуките и актите што Советот ги донесува во рок од 3 дена од денот на нивното донесување и ги доставува до Градоначалникот заради објавување;
- се грижи за усогласување на активностите на Советот со Градоначалникот;
- соработува со координаторите на советничките групи по прашања за унапредување на работата на Советот;
- во име на Советот остварува соработка со претседателите на Советите во Републиката и странство и со меѓународни организации од локални заедници;
- врши други работи утврдени со Статутот на општината и овој Деловник.

## 5. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗБОР И ИМЕНУВАЊЕ

Член 49

***1. Внатрешен ревизор***

Општината воспоставува систем на процедури за внатрешна ревизија согласно меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии.

Советот на општината го именува внатрешниот ревизор на предлог на Градоначалникот со мандат како и мандатот на Советот.

Внатрешниот ревизор треба да има завршено економски или правен факултет и најмалку две години работно искуство во областа на финансиите.

Внатрешниот ревизор е независен и е одговорен пред Градоначалникот и пред Советот.

Извештаите на внатрешната ревизија им се доставуваат на Градоначалникот и на Советот на општината.

Внатрешниот ревизор се именува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот.

### *2. Постојани и повремени Комисии*

Член 50

Постојаните комисии при Советот на општината, нивниот број и состав се утврдени со Статутот на општината.

Повремените комисии се основаат со одлука на Советот со која се утврдува бројот, составот и задачите на комисијата.

Член 51

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот.

Предлогот за составот на комисиите го утврдува Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања .

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на комисијата.

Составот на комисиите соодветствува на пропорционалната застапеност на политичките партии во Советот.

### *3. Раководител на полициска станица од општа надлежност*

Член 52

Раководителот на полициската станица од општа надлежност (подрачна единица на Министерството) се избира со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот, од страна на Советот на општината во којашто е сместена полициската станица од општа надлежност на Минстерството ( во натамошниот текст Советот на општината) од листата која содржи најмалку тројца кандидати, предложена од страна на министерот.

Ако Советот на општината не избере еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот ќе предложи втора листа која содржи најмалку тројца нови кандидати.

Ако и по спроведувањето на постапката од став 2 од овој член Советот на општината повторно не избере ниту еден од предложените кандидти во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот по консултација на Владата на РМ, ќе го избере раководителот полициската станица од општа надлежност од двете листи на кандидати предложени од страна на министерот, како и тројца дополнителни кандидати предложени од страна на Советот на општината.

Министерот го задржува овластувањето за разрешување на раководителот на полициската станица од општа надлежност, во согласност со Закон.

Член 53

Раководителот на полициската станица од општа надлежност го информира редовно и на барање Советот на засегнатата општина за работите кои се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

## 6. СЕДНИЦА НА СОВЕТ

### *1. Свикување на седница и предлагање на дневен ред*

Член 54

Седницата на Совет ја свикува Претседателот на Советот по своја иницијатива.

Претседателот на Советот свикува седница и на барање на градоначалникот и на барање од најмалку 1/4 од членовите на Советот најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Доколку во рокот определен во ставот 2 од овој член, претседателот на Советот не ја свика седницата на Советот, членовите на Советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Решението за свикување на седница на Советот со предлог за дневниот ред им се доставува на членовите на Советот најдоцна 5 дена пред денот за одржување тоа седницата.

Денот, часот и местото на одржување на седниците на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи задолжително се објавуваат најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на седницата преку средствата за јавно информирање .

Член 55

Дневниот ред за седницата на Совет го предлага претседателот на Советот во соработка со координаторите на советничките групи, а го утврдува Советот на почетокот на седницата.

Во предлогот на дневниот ред претседателот на Советот ги вклучува сите прашања кои до денот на свикувањето се доставени до Советот од страна на овластените предлагачи.

Ако во предлогот на дневниот ред претседателот на Советот не го внел прашањето што го предложил предлагачот, претседателот е должен да ги изнесе причините за тоа.

Ако предлагачот остане при својот предлог, за предлогот се одлучува без претрес.

Член 56

Членовите на Советот и Градоначалникот на општината можат и по свикувањето на седницата, како и на самата седница да предложат во дневниот ред да се внесе одредено пршање доколку тоа прашање е од битен карактер и доколку во писмена фоема се образложи итноста.

На седницата најнапред се одлучува за итноста без претрес.

Член 57

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот, или на предлог на Градоначалникот за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на гарѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности (пожар, поплави, земјотреси и сл.) и посета на делегација од друга земја кога истата сака да се обрати на членовите на Советот.

Во известувањето за свикување на вонредна седница се наведува времето, местото на одржување и дневниот ред на седницата и се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Советот не може да го менува дневниот ред за вонредната седница.

Пред отпочнувањето на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините на свикување на вонредната седница без материјална расправа.

### *2. Претседавање на седницата*

Член 58

На седницата на Советот претседава претседателот на Советот.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, седницата на Советот ја отвара најстариот присутен член кој претседава додека да се избере член на Советот кој ќе претседава на седницата.

Одлуката за избор на претседател на седницата е донесена ако за неа гласале повеќе од половината присутни членови на седницата на Советот.

### *3. Присуство и учество во работата на седницата*

Член 59

На седницата на Совет претседателот може да покани да присуствуваат и да учествуваат во работата претставници на подрачните единици на министерствата и други органи на државната управа , јавни служби , установи и претпријатија и други органи и организации кога се разгледуваат прашања од нивната надлежност.

Претседателот на Советот ги известува членовите на Советот за тоа кој е поканет да присуствува на Советот.

*4. Тек на седницата*

Член 60

Седницата ја отвара и со неа раководи претседателот на Советот.

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Ако се утврди дека нема потребно мнозинство за работа , претседателот на Советот ќе ја одложи седницата за одреден ден и час.

Член 61

Пред утврдување на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница.

Членот на Советот може да стави забелешки на записникот и да бара во него да се извршат соодветни измени и дополнувања.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без претрес.

Ако забелешката се усвои во записникот ќе се внесат соодветни измени.

Усвоениот записник го потпишуват претседателот на Советот и записничарот.

Член 62

Пред утврдување на дневниот ред претседателот на Советот ги известува Советниците за прашањата од итен карактер што се предлагаат да се стават на дневен ред согласно член 56 од овој деловник, предлозите за одлагање на одделни прашања од дневниот ред како и барања за дополнување на дневниот ред.

Член 63

Советот без претрес се изјаснува за секој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Предложениот дневен ред е усвоен ако за него гласале мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 64

Претресот по прашањата од дневниот ред се врши според утврдениот редослед на дневниот ред

Во текот на седницата, Советот може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања од дневниот ред .

Советот може да одлучи да се води единствен претрес за прашања што се меѓусебно поврзани.

Член 65

На почетокот на претресот по секое прашање од дневниот ред, предлагачот односно негов претставник може да даде дополнителни образложенија или појаснувања.

Дополнителните образложенија или појаснувања може да траат најмногу 15 минути.

По излагањето на предлагачот или негов претставник во претресот можат да учествуват и известителите на Комисиите што го разгледале прашањето за кое се води претрес.

Член 66

Претресот по одделно прашање трае додека по него има пријавено учесници за збор.

Во текот или до завршување на претресот Советот може да одлучи прашањето што се претресува да го одложи и да го упати на надлежната комисија или општинската администрација, заради дополнително разгледување и на Советот да му поднесат извештај со мислења и предлози.

Предлагачот  на одреден акт или материјал до завршувањето на претресот може да одлучи Советот да го одложи претресот или може да го повлече.

Претседателот на Советот констатира дека претресот е завршен кога ќе утврди дека нема повеќе пријавени учесници.

Советот претресот по секое прашање од дневниот ред го завршува со донесување на соодветен акт.

***5. Јавност во работата на Советот***

Член 67

Седниците на Советот се јавни.

За исклучување на присуството на јавноста на седницата се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

На расправата за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

***6. Прекин на седница***

Член 68

Претседателот на Советот ја прекинува седницата на Советот заради немање на мнозинство потребно за работа и заради нарушување на редот во салата каде што се одржува седницата.

Претседателот на Советот ја прекинува седницата и кога тоа ќе го побараат најмалку 5 членови на Советот заради дополнителни консултации.

Седницата може да се прекине и заради одржување на седница на Комисија за разгледување на предлози на акти или материјали поднесени на седницата како и заради отсуство на предлагачот или негов претставник.

Времето на продолжувањето на прекинатата седница го определува претседателот на Светот.

По исцрпувањето на дневниот ред претседателот на Советот констатира дека седницата е завршена.

### *7. Право на говор*

Член 69

На седницата на Совет никој не може да говори пред да побара и да добие збор од претседателот на Советот.

Претседателот на Советот на членовите на Совет им дава збор според редоследот на јавувањето. Говорникот кој сака да говори втор пат може да добие збор по исцрпувањето на листата на пријавени кандидати.

Советот може да одлучи по одредени точки од дневниот ред времетраењето на говорот да го ограничи.

Член 70

Говорникот говори од говорница.

Говорникот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се одалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот му го одзема зборот.

Во случаи кога ќе се злоупотреби редоследот на точките, претседателот може да му забрани на членот да дискутира до крајот на расправата.

Член 71

Членот на Советот има право на реплика доколку биде поименично опоменат во дискусија.

Репликата може да трае најмногу 3 минути.

### *7. Процедурални прашања*

Член 72

Членот на Советот има приоритетно право да говори доколку побара дозвола за:

- предлагање на претходно прашање или укажување на спорен предлог;
- да предложи одлагање на расправата;
- да предложи заклучување на расправата;
- да предложи да се вратат предлозите повторно на работните тела;

Ниту еден од овие процедурални предлози не смее двапати да биде предложен за време на една иста расправа.

Предлозите од став 1 ќе имаат приоритетно значење во однос на главните прашања за кои расправата ќе биде прекината.

Во врска со предлозите од став 1 свое мислење можат да дадат предлагачот и известувачот на Комисијата по чиј предлог се води расправа.

### *8. Одржување на редот*

Член 73

За одржување на редот на седницата се грижи претседателот на Советот.

Претседателот на Советот ќе го опомене членот на Советот ако со своето однесување, со земање на збор кога претседателот на Советот не му дал збор, со упаѓање во збор на говорник или со слична постапка го нарушува редот на седницата.

Членот на Советот кој и покрај опомената односно одземениот збор, го нарушува редот на седницата или употребува изрази со кој го навредува достоинството на Советот, може да биде отстранет од седницата.

Членот на Советот кој е отстранет од седницата должен е веднаш да ја напушти салата во која се одржува седницата, а ако претседателот на Советот не може да го одржи редот на седницата ќе одреди кус прекин на седницата.

Одредбите за одржување на редот на седницата се однесуваат на сите учесници на седницата.

### *9.Одлучување*

Член 74

Советот одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот доколку поинаку не е определено со Закон.

Статутот, буџетот на општината, завршната сметка на буџетот и Деловникот за работа на Советот се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Претседателот на Советот го соопштува бројот на Советници кои гласале за, против или воздржани како и за бројот на советниците што се присутни а не гласале.

Член 75

Јавното гласање се врши со кревање на рака.

Гласањето може да се врши и со поименично изјаснување.

Поименичното изјаснување може да се врши кога тоа ќе го побараат најмалку 3 членови на Советот.

Поименичното гласање се врши со изјаснување на секој прозван член на Советот со „за„ или „против„ предлогот или со воздржување од гласањето.

Прозивањето го врши Претседателот на Советот.

За време на поименичното изјаснување забрането е влегување или излегување од салата. Претседателот на Советот е дложен пред почетокот на поименичното изјаснување да ги повика членовите на Советот кои се моментално излезени од салата каде што се одржува седницата.

По изјаснувањето на Советниците, претседателот на Советот го објавува резултатот од гласањето.

Член 76

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачките ливчиња мора да бидат во еднаква големина и иста боја.

Со тајното гласање раководи претседателот на Советот, а му помагат двајца членови на Советот кој ги избира Советот на предлог на претседателот. На секое гласачко ливче се става печат од општината.

Пред да се помине на тајно гласање претседателот на Советот ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

Член 77

Тајното гласање се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведува предлогот „за„ или „против„ а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

На гласачкото ливче за избор односно именување на носители на функции се наведува функцијата за која се врши изборот, имињата и презимињата на кандидатите поединечно според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става редниот број па членовите на Советот гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати на бројот што се избира, непотполнето гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Советот гласал.

Тајно гласање за предлогот во целина се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведува предлогот и зборовите за и против а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

Претседателот на Советот по завршувањето на гласањето ги соопштува разултатите од гласањето и врз основа на тоа објавува дали предлогот за кој се гласало е усвоен или одбиен.

***10. Записник***

Член 78

За работата на седницата на Советот се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седниците, предлозите што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со одделните прашања од дневниот ред.

Членот на Советот кој го издвоил своето мислење може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото мислење.

Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето по прашањата од дневниот рд.

Усвоениот текст од записникот го потпишуваат претседавачот на Советот и записничарот.

Член 79

За составување на записникот и за чување на оригиналите на записникот, се грижи општинската администрација.

За работата на седницата на Советот може да се водат стенографски белешки или истата да се снима на магнетофонска лента.

## 7. ДЕЛОКРУГ И НАЧИН НА РАБОТА НА ПОСТОЈАНИТЕ И ПОВРЕМЕНИ КОМИСИИ ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 80

Комисиите на Советот на општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;
- даваат мислења и предлози до Советот;
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

Член 81

Комисијата за финансирање, Буџет и Локален економски развој ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на општината, Буџетот и годишната сметка како и прашањата од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој.

Член 82

Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата ги разгледува прашањата од урбанистичкото планирање, прашањата од работата на јавните служби, прашањата од комуналното уредување на градот и населените места и прашањата од заштита на животната и природата.

Член 83

Комисијата за општествени дејности ги разгледува прашањата од надлежноста на опшината, а кои се однесуваат на културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот како и противпожарната заштита.

Член 84

Комисијата за статут и прописи го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот и ја следи неговата примена и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер.

Го утврдува прдлогот на Деловникот на Советот.

Подготвува предлог мислења по предлог законите кои се однесуваат на општината.

Разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на општината.

Член 85

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно имунитетните прашања.

Разгледува и подготвува предлози за избор и именување и разрешување од надлежност на Советот на општината;

Определува плати, надоместоци и други примања за избраните и именувани лица.

Дава предлог за висината на надоместокот на патните и дневните трошци на членовите на Советот на општината, како и на трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на општината.

Претседателот и членовите на Комиситаја ги избира Советот на својата прва седница.

Член 86

Комисијата за одбележување на празници и манифестации, доделување награди и признанија и односи со верските заедници:

- Донесува програма за одбележување на празници и манифестации;
- Дава предлог за доделување награди и признанија;
- Врши други работи од својата област по предлог на Градоначалникот, членовите на Советот и по иницијатива на граѓаните;
- Се грижи за соработката и унапредувањето на работата со веските заедници и црковните одбори;
- Врши други работи непосредно поврзани со црковните одбори и црквите на територијата на општината.

Член 87

Комисијата за еднаквост меѓу половите се залага за:

- Родова рамноправност во Локалната самоуправа;
- Организира активности за рамноправно вклучување на жените во разрешување на прашања од Локалната самоуправа;
- Да се залага за развој на женската популација и нејзино имплементирање во локалните заедници;
- Заштита на женските права на ниво на човекови права.

Член 88

Комисиите при Советот работат на седници.

Седниците на Комисијата ги свикува претседателот на Комисијата.

Претседателот на Комисијата е должен да свика седница ако тоа го побара претседателот на Советот или ако тоа го предложат најмалку три члена на комисијата кои треба да достават потребен материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на Комисијата не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ќе ја свика претседателот на Советот.

Комисијата на првата седница од редот на своите членови определува замеменик на претседателот кој го заменува претседателот во случај на негова спреченост или отсутност.

Член 89

Поканата за седница со предлогот на дневниот ред и материјалите што се разгледуваат на седницата се доставуваат најмалку три дена пред одржувањето на седницата.

Дневниот ред на седницата на Комисијата се утврдува на почетокот на седницата. Во дневниот ред можат да се внесат и прашања што на самата седница ќе ги предложат членовите на Комисијата.

На седницата можат да се поканат да присуствуваат предлагачите на оделни материјали, претставници на подрачните единици на министерствата, други органи на државната управа и други органи и организации кои можат да изнесат мислење по прашањата што се разгледуваат на седницата.

Член 90

Комисијата може да одржува седници и да претресува прашања од својот делокруг ако на седницата присуствуваат мнозинство членови на Комисијата.

Комисијата зазема ставови со мнозинство гласови од присутните членови.

Комисијата може да одлучи да одржи седница на која можат да присуствуваат само членови на Комисијата.

Член 91

Членот на Комисијата има право и должност да присуствува на седница на Комисијата и да учествува во работата и одлучувањето.

За присуството на членот на Комисијата се води евиденција.

Членот на Комисијата кој е спречен да присуствува на седницата должен е за тоа навреме да го извести претседателот на Комисијата.

Член 92

Претседателот на Комисијата го известува претседателот на Советот за членот на Комисијата кој трипати едноподруго неоправдано отсуствувал од седниците на Комисијата. Комисијата може да предложи Советот да го разреши тој член и на негово место да избере друг член.

Член 93

Надлежната Комисија на Советот му поднесува извештај оделно за секое прашање што го разгледувале.

Извештајот содржи став на Комисијата со образложение. Во извештајот се внесени и сите изнесени и издвоени мислења и предлози по прашањата што биле разгледувани на седницата на Комисијата.

Претседателот на Комисијата го потпишува извештајот и е одговорен за неговата веродостојност.

Член 94

Комисијата определува известител.

Известителот на Комисијата, на седницата на Советот ги застапува ставовите на Комисијата.

Известителот не може да го менува ставот на Комисијата или да се откаже од него, ако за тоа не го овластила Комисијата.

Член 95

Комисијата може да му предложи на Советот да го одложи претресувањето на одделно прашање.

Член 96

Усвоените записници од седницата на Комисијата ги потпишува Претседателот на Комисијата.

Член 97

Комисиите при Советот на општината, соработуваат меѓусебно.

Комисиите можат да одржат заеднички седници заради разгледување на прашања од заеднички интерес или усогласување на ставовите.

Заедничките седници на две или повеќе Комисии ги свикуваат договорно претседателите на тие Комисии.

Комисиите на заедничките седници гласаат одделно.

## 8. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ АКТИ

### 1. *Предлог за донесување општ акт*

Член 98

Постапката за донесување општ акт започнува со поднесување предлог за донесување општ акт.

Член 99

Предлог за донесување општ акт можат да поднесат:

- Членовите на Советот;
- Комисиите при Советот;
- 10% избирачи од општината.

Член 100

Предлог за донесување општ акт од надлежност на Советот утврден со Статутот на општината, со предлог на акт поднесуваат Градоначалникот на општината, општинската администрација, Комисија при Советот на општината или јавна служба, установа или претпријатие што ги основа Советот на општината.

Член 101

Предлогот за донесување општ акт содржи правен основ за донесување и причините поради кои треба да се донесе актот.

Член 102

Предлогот за донесување општ акт може да се поднесе во писмена форма до претседателот на Советот или усно на седница на Советот.

Предлогот за донесување општ акт претседателот на Советот го доставува до соодветната Комисија или надлежен орган во рок од 5 дена од денот на неговото поднесување.

Предлогот за донесување општ акт се доставува и до Градоначалникот на општината.

Член 103

Комисијата или соодветниот орган го разгледува предлогот и зазема став за основаноста и потребата од донесување на актот и за тоа го информира Советот.

Член 104

Советот на општината го разгледува предлогот за донесување општ акт со ставот на Комисијата или соодветниот орган и ја утврдува основаноста и потребата за донесување на актот.

Ако Советот оцени дека нема основ и потреба за донесување на актот, за тоа го известува подносителот.

Општ или друг акт што го донесува Советот кој претходно не бил усвоен од Советот, не може повторно да биде ставен на дневен ред на Советот пред истекот на рок од 30 дена.

Член 105

Кога Советот на општината ќе ја утврди основаноста и потребата за донесување на општ акт, определува изготвувач на актот, доколку со предлогот за донесување на општ акт не е поднесен и предлогот на актот.

Ако со предлогот за донесување на актот е доставен и предлог на актот, Советот води расправа за донесување на актот.

Член 106

Предлогот на општиот акт содржи правен основ за негово донесување, причините поради кои се донесува актот, образложение, потребните средства за негово спроведување и начинот на обезбедување на тие средства.

***2. Донесување Статут на општината***

Член 107

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа Нацрт и како предлог Статут.

Член 108

Нацртот на Статутот го утврдува Советот на предлог на Комисијата за статут и прописи.

Советот Нацрт Статутот го става на јавна расправа и го утврдува времето и начинот на на спроведување на јавната расправа.

Предлогот на Статутот го утврдува Комисијата за Статут и прописи врз основа на изнесените предлози, забелешки и мислења во текот на расправата.

Член 109

Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 110

Измени и дополнувања на Статутот можат да предложат најмалку 1/2 од членовите на Советот, Градоначалникот на општината или најмалку 10% од избирачите во општината.

Одлуката за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на општината ја донесува Советот со мнозинство гласови од членовите на Советот.

***3. Донесување Деловник на Совет***

Член 111

Предлогот на Деловникот на Советот го утврдува Комисијата за Статут и прописи.

Член 112

Деловникот на Советот се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 113

Измени и дополнувања на деловникот на Советот можат да предложат членовите на Советот и Комисиите при Советот.

***4. Донесување Програма за работа на Советот***

Член 114

Предлогот на програмата за работа на Советот го утврдува Комисија врз основа на претходно прибавени предлози и мислења од овластени предлагачи и заинтересирани субјекти.

Комисијата од став 1 ја формира Советот и е составена од претседател и два члена.

Предлогот на програмата содржи назив на материјалот односно актот, кратка содржина, предлагач и рок.

Член 115

Програмата за работа на Советот се донесува до крајот на календарската година, за нареднта година.

***5. Донесување програми, одлуки и други општи акти***

Член 116

Носители на предлозите на програмите и одлуките од надлежност на Советот се должни во предвидените рокови тие предлози и акти да ги достават до Советот во соодветна форма за разгледување и донесување.

Член 117

При донесувањето на програмите и одлуките, предлагачите присуствуваат на седницата на Советот и по потреба даваат стручни појаснувања од областа за која се предлага донесување на програмата или одлуката.

Член 118

Генералниот и деталниот урбанистички план на општината ги донесува Советот во постапка утврдена со Закон.

***6. Одобрување програми и други акти***

Член 119

Советот одобрува програми за работа на јавните служби установи и претпријатија што ги основала или кои вршат работи од надлежност на општината.

Член 120

Ако Советот не одобри програма, тогаш формира Комисија кои заедно со претставници на подносителот на програмата ги усогласуват ставовите.

Член 121

Советот одобрува и други акти во согласност со закон.

Член 122

Советот за одобрување на програма или друг акт донесува заклучок.

***7. Итна постапка за донесување одлуки***

Член 123

По исклучок Советот на општината може по итна постапка да донесе одлука кога тоа е неопходно заради спречување на елементарни непогоди, други вонредни околности или кога е од интерес за остварување на функциите на општината.

Пред да се донесе одлуката, Советот претходно одлучува дали е неопходно донесување одлука по итна постапка, а потоа води расправа по предлогот на одлуката.

### *8. Расправа по предлог на акт и предлози за измени и дополнувања*

Член 124

По предлозите на актите се води расправа.

Во текот на расправата се одлучува и за измени и дополнувања на оделни одредби од предлогот на актот.

Член 125

Предлогот за измени и дополнувања на оделни одредби од предлогот на актот можат да поднесат членовите на Советот и предлагачот на актот.

Предлогот за измени и дополнување на оделна одредба од предлог актот кој се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот и станува составен дел на предлогот на актот.

Предлогот за изменување и дополнување на оделна одредба од предлогот на актот кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот се усвојува со истото мнозинство и станува составен дел на предлог на актот.

Член 126

Изјаснувањето за предлозите за изменување и дополнување на оделна одредба од предлогот на актот се врши по редослед на нивното предлагање.

Кога за иста одредба од предлогот на актот се поднесени два или повеќе предлози за измени и дополнување, ако еден од предлозите добие потребно мнозинство, за останатите предлози членовите на Советот не се изјаснуваат.

Член 126

Пред изјаснувањето на членовите на Советот по поднесениот предлог за изменување и дополнување на оделна одредба од предлог актот, подносителот на предлогот има право да се изјасни во врска со поднесениот предлог.

### *9. Потпишување и објавување на актите*

Член 127

Прописите и актите што ги донесува Советот ги потпишува претседателот на Советот во рок од 3 дена од донесувањето.

Прописите и актите ги објавува градоначалникот на општината во рок од 7 дена од денот на нивното донесување.

Прописите и актите стапуват во сила 8 дена од денот на нивното објавување доколку поинаку не е определено со Статутот.

### *10. Автентично толкување на општи акти*

Член 128

Барање за автентично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот, 10% од избирачите во општината, јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на општината и државните органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на актите донесени од Советот на општината.

Член 129

Барањето за давање на автентично толкување на општ акт се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Комисијата за статут и прописи.

Член 130

Комисијата за статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од Комисиите при Советот и од општинската администрација.

Член 131

Ако Комисијата за статут и прописи оцени дека барањето за давање автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично токлување и ќе го достави до Советот на општината, а доколку оцени дека барањето за автентично толкување не е оправдано, Комисијата за статут и прописи за тоа ќе поднесе извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

### *11. Утврдување на пречистен текст на општ акт*

Член 132

Ако во општиот акт се вршат пообемни или повеќе пати измени и дополнувања, Советот може да одлучи да се изготваи пречистен текст на актот.

Пречистениот текст на актот го изготвува Комисијата за статут и прописи во рок од 15 дена од денот на објавувањето на измените и дополнувањата на актот во Службен Гласник на општина Пробиштип.

### *12. Претресување на извештаи, информации и други материјали*

Член 133

Советот претресува извештаи, информации и други материјали кои се во негова надлежност.

Пред да ги претресува Советот актите од став 1 од овој член ги разгледува недлежната Комисија.

По извештаите, информациите и другите материјали, Советот донесува заклучок.

## 9. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Член 134

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седницата на Советот.

Советот до Градоначалникот доставува работни материјали за седницата во ист обем и во истите рокови како и за членовите на Советот.

Член 135

Градоначалникот на Советот му предлага донесување на одлуки и други општи акти од негова надлежност.

Актите предложени од Градоначалникот задолжително пред седница на Советот ги разгледува надлежното работно тело.

Член 136

Советот по укажување на Градоначалникот за неуставност или незаконистост на акт или одлука, истите повторно ги разгледува во рок утврден со Статутот на општината.

Градоначалникот го објавува актот, односно одлуката, кој по повторното разгледување е потврден од страна на Советот.

Член 137

Градоначалникот на општината ги објавува актите на Советот кои ќе му бидат доставени од страна на Претседателот на Советот.

Член 138

Организацијата и делокругот на работа на општинската администрација се утврдува со Одлука на Советот.

Општинската администрација подготвува акти и врши стручни работи за Советот како и други работи што ќе им ги довери Советот.

Општинската администрација учествува во подготовката на седниците на Советот и Комисиите при Советот, и се грижи за средување и чување на актите на Советот како и други работи што ќе им ги довери Советот.

## 10. СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ПОДРАЧНИТЕ МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Член 139

Советот меѓусебно доставува податоци со подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа кои се потребни за остварување на функцијата, а со кои располагаат и доаѓаат во текот на работењето.

Член 140

За проучување на оделни прашања, подготвување на прописи, давање мислења и предлози, претседателот на Советот како и претседателите на комисиите при Советот држат состаноци со раководните лица на подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа.

Ако е потребно во соработка со Градоначалникот на општината се држат заеднички седници на кои се заземаат одредени заклучоци.

По заклучоците од заедничките седници Советот на општината, Комисиите при Советот и подрачните единици на министерствата заземаат свои ставови за кои што взаемно се информираат.

Член 141

Советот на општината и подрачните единици на министрствата со цел да обезбедат усогласување на прашањата од заеднички интерес можат да образуваат стучни комисии или работни тела.

Член 142

Советот и Градоначалникот можат пред Уставниот суд на РМ да поднесат иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на министерствата и другите органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите.

## 11.ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

Член 143

Советот работи според Програма за работа на Советот.

Програмата за работа на Советот се утврдува за една календарска година.

За оделни области или за позначајни прашања од својата надлежност, Советот може да донесе посебни програми.

Член 144

Основа за изработка на Програмата за работа на Советот се: работи кои со Законот и Статутот на општината се ставени во надлежност на Советот, задачите кои произлегуваат од тие акти, заклучоци на Советот и роковите за одржување седници на Советот утврдени со законот.

Член 145

Носителите на предлозите, на актите и другите материјали, организирањето, подготовките и извршувањето на оделни задачи и работи предвидени со програмата за работа на Советот се должни во предвидените рокови тие акти и материјали да ги достават до Советот на разгледување и усвојување.

Ако од определени причини тоа не е можно, предлагачот, односно носителот на работите е должен за тоа навреме да го извести Советот и да ги наведе причините заради кои не можел да ги изврши програмските задачи во предвидениот рок.

## 12. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

Член 146

Советот обзбедува информирање на јавноста за работата на Советот и за своите ставови и одлуки во врска со прашањата за кои расправа.

Советот по потреба обезбедува информирање на јавноста за работата на Комисиите при Советот.

Член 147

Седниците наСоветот се јавни.

Одлуката за исклучување на присуството на јавноста се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот кога тоа го бараат интересите на безбедноста, одбраната или кога се разгледува прашање од доверлив карактер.

На расправа за буџетот на општината и завршната сметка на буџетот присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 148

Заинтересираните граѓани можат да присуствуваат на седниците на Советот по претходно одобрение од претседателот на Советот.

Член 149

Советот може актот кој го претресува , а кој е од посебен интерес за јавноста од општината, да го објави преку локалните средства за јавно информирање.

Член 150

Конференција за печатот во врска со работењето на Советот се одржува кога за тоа ќе одлучи Советот и претседателот на Советот, а тоа го определува претставникот кој ќе ја одржи конференцијата за печатот.

Член 151

Заради известување за работата на органите на општината се издава Службен Гласник на општина Пробиштип.

Во Службениот Гласник на општината се објавуваат сите одлуки и други акти што ги донесува Советот и другите органи на општината.

## 13. ЗАВРШИ ОДРЕДБИ

Член 152

Со влегувањето во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот број 08-19/1 од 01.02.1997 година објавен во Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/1997 година.

Член 153

Овој Деловник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 07-501/11
30.09.2005 година
ПРОБИШТИП

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трендафилка Пановска